


# Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди

*Наставно средство*

3

WORDS
INTO
ACTION
TO ADDRESS ANTI-SEMITISM

OSCE
ODIHR

1. Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот

2. Надминување на несвесната пристрасност

# 3. Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди

4. Оспорување на теориите на заговор

5. Поучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот

6. Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот

7. Антисемитизмот и дискурсот за национално сеќавање

8. Постапување со антисемитските инциденти

9. Постапување за антисемитизмот на интернет

10. Антисемитизмот и состојбата на Блискиот Исток

# Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди

Стремежот за еднаквост, инклузија и можности за сите претставува универзална цел. Користејќи ги посебните таленти и идентитет на секој поединец, општеството е во можност да обезбеди попросперитетна иднина. Меѓутоа, различностите честопати се пропратени со генерализирање и стереотипи коишто може да бидат штетни. Стереотипот претставува премногу поедноставена слика за одредена група на луѓе. Луѓето честопати се смеат во врска со стереотипите или ги игнорираат. Но, стереотипите поттикнуваат предрасуди и претставуваат опасност за училишното опкружување[1]. Тие може да доведат до негативни реперкусии и да поттикнуваат омраза.

Стереотипите за еврејскиот народ и нивните заедници се проткаени низ европската историја илјадници години наназад. Тие придонесуваат за негативната претстава за еврејството и имаат потенцијал да поттикнуваат ставови и однесување засновани на предрасуди кон Евреите во заедницата.

Стереотипите против Евреите може да се присутни во училниците на повеќе начини, меѓу другото, но не и ограничено на следното:

- учениците е можно да повторуваат одреден стереотип против Евреите или став со предрасуда што ги имаат слушнато и поради тоа да се однесуваат со предрасуди кон другите ученици со еврејско потекло и
- антисемитските стереотипи е можно да се отсликани и во литературата, верските текстови, уметноста или историските извори што се користат во училиштето.

Целта на ова наставно средство е да даде преглед на улогата и функционирањето на стереотипите, да направи резиме и да ги „разбие“ најчестите стереотипи и митови во однос на Евреите, како и да даде конкретни предлози за начините на кои наставниците можат да ги разгледуваат во своите училници.

[1] *Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), стр 41, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

# Заднина

**Пристрасност** се однесува на „наклоност или предрасуда за, или против, некое лице или група, особено на начин што се смета за неправичен“.

**Дискриминација** значи „неправедно постапување или постапување врз основа на предрасуди со различни категории на луѓе“.

Извор: *Concise Oxford English Dictionary*, ninth edition

**Стереотип** се однесува на „премногу поедноставена претстава за одредена група луѓе“.

**Предрасуда** е „чувство за група на луѓе или за поединец во таа група што е засновано на стереотип“.

Извор: *Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), стр. 41, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

Стереотипите, пристрасноста и предрасудите се нормална појава кај човекот. Луѓето избираат да им веруваат на стереотипите затоа што тоа им помага да ја поедностават сложеноста на светот околу нив. За жал, во културата и во пошироката заедница може да се најдат многу стереотипи за одредени групи во општеството. Предрасудите коишто преовладуваат во одредена заедница можат несвесно да го насочуваат нашето однесување и да нè наведат на несоодветни или штетни заклучоци. Тоа негативно влијае на еднаквоста и на правдата кон која се стремиме во едно демократско општество: во образованието, вработувањето, решавањето конфликти и одржувањето мир и хармонија помеѓу општествените групи.

Стереотипите, во нивната најлоша форма, намерно се користеле како начин да се задушат општествените промени и да се одржуваат постоечките системи на политичка моќ. Тоа е забележано низ разни временски периоди, како на пример, во дискусиите за родовите релации кога жените добивале поголема политичка и економска независност.

Со илјадници години, антиеврејските претстави, замисли и митови довеле до создавање стереотипи, поттикнувајќи омраза кон Евреите и нивен прогон. Тие и понатаму се појавуваат низ целиот свет, како на видлив така и на прикриен начин, и покрај тоа што официјално се отфрлаат од страна на меѓународните, регионалните и националните власти. Постојано се создаваат нови стереотипи, клеветења и претстави, а претходните се возобновуваат, но сега во нови форми. Антисемитските предрасуди честопати се изразуваат во различни времиња и од различни лица кои не може да се потврдат со истото значење[2].

Традиционалните антисемитски стереотипи можат да се забележат во антисемитските напади кои или го мотивираат или го придружуваат таквото однесување. Примери за ова се тврдењата дека „Евреите“ се богати и алчни, дека тие прават заговор за да го контролираат светот или дека „Евреите“ биле тие кои го убиле Исус Христос. Антисемитското клеветење многу често доаѓа до израз преку конспиративниот поглед на светот. На пример, и во левиот и во десниот политички спектар има луѓе кои погрешно тврдат дека Евреите го испланирале терористичкиот напад во САД на 11 септември 2001 година. Во последно време се забележува појава и на нови теории на заговор кои погрешно ги обвинуваат Евреите дека се инволвирани во бегалската криза во Европа[3].

За да може ефективно да се одговори на стереотипите и погрешните претстави, неопходно е да ги идентификуваме нивните различни појавни форми и да разбереме како се развивале со текот на времето. Подолу се дадени примери за некои од најчесто присутните митови, изрази со преносно значење и културолошки идеи

[2] На пример, Евреите се критикувани дека се космополити без корен или дека се ограничени припадници на комунитаризмот, или истовремено се прикажани и како семоќни и како некои кои не заслужуваат да бидат сметани за луѓе.

[3] Péter Krekó et al., “Migrant Invasion’ as a Trojan Horseshoe”, in Péter Krekó et al. (eds.), *Trust within Europe* (Budapest: Political Capital, 2015), pp. 63-72, <http://www.politicalcapital.hu/wp-content/uploads/PC_OSIFE_Trust_Within_Europe_web.pdf>.

Научници од Германија и од САД истражувале како размислувањето за психолошките искуства на другиот, прави кај луѓето да биде помалку веројатно автоматски да искажуваат предрасуда. Откако ги разгледале нештата од аспект на едно постаро лице, помала била веројатноста кај испитаниците да користат стереотипи во однос на старите лица, како што се зависност од други или слабост. Предрасудите во однос на црнците се намалиле тогаш кога од испитаниците било побарано да размислат за чувствата на жртвата додека гледале снимка од инциденти поврзани со расна дискриминација.

Извор: A. R. Todd et al., "Perspective Taking Combats Automatic Expressions of Racial Bias", *Journal of Personality and Social Psychology*, Vol. 100, June 2011, стр. 1027-1042.

во врска со Евреите, со намера да послужат како илустрација, но, не и да се даде исцрпна листа за нив[4].

*Крвна клевета*

Уште од древни времиња, Евреите се погрешно обвинувани дека убиваат луѓе кои не се Евреи за ритуални цели и дека наводно се во сојуз со ѓаволот. Во средновековна Европа, на почетокот од дванаесеттиот век, ова најчесто било придружено со обвинувања дека Евреите ја користат крвта на жртвите за да испечат мацес за еврејскиот празник Пасха. Историски гледано, сите овие неточни обвинувања биле најчесто проследени со антисемитски протести и масовни убиства. Ваквото крвно клеветење сè уште одекнува и се слуша и во денешните разговори.

*Комунисти*

Вклученоста на некои Евреи во комунистичките и социјалдемократските движења во Европа многу често претставува основа за тврдењата за јудео-болшевизам или јудео-комунизам. Овој мит се раширил низ Европа во првата половина од дваесеттиот век, а нацистичката пропаганда активно го промовирала не само во Германија, туку и на окупираните територии во Втората светска војна. Интернационализацијата на раниот комунизам, во комбинација со фактот дека некои Евреи припадници на движењето на отпорот им се приклучиле на советските партизани или на националните комунистички партии, многу често беше земано како дополнување на тврдењата дека Евреите, како колектив или како поединци, не се лојални на својата татковина. Во денешно време, идејата за Евреинот комунист е нешто што повторно се појавува во дискусиите во врска со националниот идентитет или историјата на Втората светска војна, тврдејќи дека локалните кривични дела против Евреите кои биле направени пред, за време и по Холокаустот биле резултат на антикомунистичкото расположение.

*Митот за богоубиство*

Уште од првите години од појавата на христијанската црква, некои христијани ги имаат обвинувано Евреите за смртта на Исус Христос и поради тоа сметаат дека сите Евреи се колективно одговорни за тоа[5]. Митот за богоубиство ги засилува асоцијациите дека сите Евреи имаат основни карактеристики за да биде убиен месија, како што се натприродна моќ, непопустливост и конспиративно предавство.

*Двојна лојалност или отсуство на лојалност кон државата*

За Евреите често се тврди дека прават заговор за да ги кројат јавните политики во интерес на Евреите, или дека нивниот патриотизам е помал од оној на другите граѓани. Ова повремено се манифестира во вид на тврдења дека Евреите, било колективно или индивидуално, не се лојални на своите држави. За да бидат прифатени како лојални сограѓани, од Евреите понекогаш се бара да се одречат од својата поврзаност со Израел, и покрај тоа што Израел често претставува централен дел од еврејскиот идентитет. Овој мит, исто така, постои и во тврдењата дека Евреите не служат воена обврска или не учествуваат во други сфери од јавниот живот во демократските држави.

[4] Претходните ставови и примери за митови и стереотипи се преземени од: *Справување со антисемитизмот преку образование, op. cit. стр.* 80-83.

[5] „Декларацијата за односите на црквата со нехристијанските религии на Вториот екуменски Совет на Ватикан" ('Nostra aetate')" го отфрли овој мит во 1965 година.

*Медиуми*

Обвинувањата дека Евреите ги контролираат медиумите се присутни уште од почетокот на деветнаесеттиот век и се повторуваат во Протоколите на ционските мудреци[6]. Во дваесеттиот и дваесет и првиот век, поединци за кои се претпоставува дека имаат еврејско потекло, или навистина имаат такво потекло а кои е можно да имаат и лично влијание поради позицијата на која се наоѓаат во одреден медиум, се доведуваат во врска со тврдењата за сеопшта „контрола од Евреите" врз целата медиумска индустрија. Некои групи ова го нарекуваат и „ционистичка контрола" на медиумите. Се работи за претпоставка дека овие поединци дејствуваат заедно во подолг временски период на конспиративен начин и донесуваат одлуки, но се игнорира фактот дека многу други поединци, кои на еден начин се слични на нив, исто така, работат во медиумската дејност и дека токму таквата разноликост, сеопфатност и постојан развој оневозможуваат медиумите да бидат контролирани на начин како што се тврди.

*Пари и криминал*

Тврдењата дека Евреите се тие кои ги контролираат парите и се опседнати со нив се стари колку и Новиот завет во кој Евреите повремено се прикажани како менувачи на пари, т.е. вклучени во несвета пракса во Храмот во Ерусалим. Ова продолжило и во средновековниот период, кога на христијаните им било забрането да позајмуваат пари со камата, оставајќи го овој терен отворен за други. Бидејќи Евреите биле ограничени да се занимаваат со повеќето занимања и не им било дозволено да поседуваат земјоделско земјиште, некои од нив почнале да позајмуваат пари. Оттогаш па наваму, Евреите се прикажуваат како богати, моќни и дека претставуваат закана. Во некои земји имало и стереотипи за еврејските жени – дека се облекуваат наметливо за да го покажат богатството. Во денешно време тоа може да се најде во упатувањата за „парите на Ротшилд" или кога се поистоветува еврејскиот заговор со меѓународното банкарство и криминал.

[6] Протоколите на Ционските мудреци е фалсификуван антисемитски текст чија цел е да укаже на еврејски план за доминација врз светот. Првпат е објавен во Русија во 1903 година, а во 1921 година е разоткриен како несмасен плагијат. Преведен е на многу јазици и дистрибуиран низ целиот свет во почетокот на дваесеттиот век.

# Стратегии за идентификување и разоткривање на антисемитските стереотипи во училница

Наставниците треба да организираат дискусии во врска со општите обрасци на стереотипизирањето, што ќе претставува почетна точка за подигање на свеста во врска со конкретни стереотипи, вклучувајќи го тука и антисемитизмот. Може да се користат примери за тип на стереотипи и поврзани обрасци за да се насочат учениците да го разберат негативното влијание на стереотипизирањето и (често привлечниот) поедноставен пристап кон сложените прашања што е поттикнат и овозможен од стереотипите.

Откако учениците ќе размислат за тоа како овие концепти се поврзани со групниот идентитет, наставниците можат да користат пристап базиран на човековите права за борба против нетолеранцијата и дискриминацијата против Евреите само затоа што се Евреи, повлекувајќи притоа паралели со искуствата на други групи.

## Три прашања за разбивање на еден наратив

*Кој е изворот на информацијата?*
Прашајте ги учениците што мислат кој стои зад таа информација. Дали е познат изворот? Дали е анонимен? Дали станува збор за примарен извор?

*Кои се доказите за конкретното тврдење или изјава?*
Прашајте ги учениците дали се содржани и докази во конкретната информација. Ако има докази, дали тие се веродостојни? Дали има начин да се проверат евентуалните докази?

*Што велат други извори?*
Прашајте ги учениците дали и претходно ја слушнале оваа информација. Дали има и други извори на истата или слична информација? Дали овие други извори имаат различни потенцијални докази?

Извор: Преземено од Stanford History Education Group, *Civic Online Reasoning*, <https://sheg.stanford.edu/civic-online-reasoning>.

| Примери за вежби што можат да ги користат едукаторите за да се оспорат и спречат антисемитските стереотипи[7] | |
|---|---|
| Тип на вежба | Пример |
| Користење лични наративи | Споделување на лични наративи кои го потенцираат следново:<br>• Различностите во еврејскиот свет за да покажеме дека Евреите, како и другите луѓе, имаат широк спектар на верски верувања и практики или воопшто немаат;<br>• Заеднички карактеристики помеѓу Евреите и другите, како што се културолошки, општествено-економски, географски, јазични и други карактеристики и<br>• Поединци Евреи и други луѓе од други верски или културни заедници кои извршиле позитивно влијание во локален, национален и/или меѓународен контекст. |
| Интегрирање во лекциите по историја | • Историјата на Евреите ја предаваме како дел од часовите на кои се предава за локалната, националната или меѓународната историја, вклучувајќи ја тука и историјата на Државата Израел и состојбата меѓу Израелците и Палестинците, притоа користејќи повеќестран пристап[8];<br>• Историјата ја сведуваме на индивидуално ниво и раскажуваме лични приказни на поединци Евреи (обични луѓе и познати личности кои дале придонес во науката, уметноста, филозофијата итн.);<br>• Разгледуваме како разните стереотипи што се прифатени во општествата влијаат на правата што ги уживаат мажите, жените и припадниците на одредени заедници или групи, вклучувајќи ги и Евреите, во разни историски периоди и денес и/или<br>• Вклучуваме лекции за антисемитизмот во периодот пред да се случи Холокаустот до денес (ова не претставува замена за главните лекции што се однесуваат на Холокаустот). |
| Истакнување на различното потекло на учениците | • Учениците можат да направат сопствен портрет (написмено, да насликаат, со поеми итн.) за да ги одразат своите различни идентитети;<br>• Учениците ги претставуваат своите само-портрети и од нив се бара да ги идентификуваат различностите во одделението (на пример: раса, боја на кожа, јазик, етничка припадност, вероисповед, култура, пол, сексуална ориентација, хоби, интереси, идеали и идиосинкразија);<br>• Учениците ги насочуваме да идентификуваат одредени аспекти од сопственото претставување кои би можеле да откријат или да доведат до создавање стереотипи. За таа цел, побарајте да се фокусираат на тоа кои се тие и кои фактори влијаат на формирањето на нивниот идентитет (вклучително и нивниот внатрешен избор и надворешните притисоци) и/или<br>• Истражете го односот помеѓу личната перцепција на ученикот на одредени карактеристики и перцепциите на другите за да покажете како се создаваат социјалните наративи. |

[7] Примерите се преземени од: *Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), p. 41, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

[8] C.M. Steele, Steven J. Spencer and Joshua Aronson, “Contending with group image: The psychology of stereotype and social identity threat”, in Mark. P. Zanna (ed.), Advances in Experimental Social Psychology, Vol. 34 (Amsterdam: Academic Press, 2002), стр. 379-440.

**Како да постапиме ако...?**

**...некој искаже стереотип (на пример): „Сите Евреи сакаат пари – затоа се богати и раководат со банките“?**

Користејќи пристап кој не претставува закана, обидете се да ги согледаат корените на генерализирањето. Дали се користат стереотипи поради ограниченото искуство со Евреи? Дали нивните идеи потекнуваат од семејството, пријателите, филмовите, телевизијата или книги? Помогнете им да размислат за тоа кои се изворите на ваквото погрешно информирање. Ова е добар момент да се поразговара и за тоа колку е лесно да се извлечат погрешни заклучоци од само неколку примери. Од помош може да биде и доколку се препознае дека личните искуства се ограничени и доколку се истакне дека научниците обично земаат предвид илјадници или стотици илјади примери пред да извлечат заклучоци.

Многу стереотипи за Евреите имаат сложен историски корен -како што споменавме претходно- и добро е да го истражиме нивното потекло. Ако не сте опремени со знаење како да се справите со искажан стереотип во училницата, одговорете и објаснете зошто мислите дека тоа е стереотип и дека ќе се навратите на него малку подоцна кога ќе имате повеќе информации.

Дали има тензија во просторијата откако на глас бил искажан стереотипот? Ако има, би било корисно да ги потсетите учениците дека сите ние е можно да генерализираме врз основа на претходно утврдени замисли, дури и ако не сакаме тоа да биде така. Тоа овозможува сите да се опуштат и да бидат отворени за поконструктивно истражување на проблематичните изјави во работата што следи.

## Активност

Напишете на таблата неколку реченици со генерализирање, но притоа подметот нека остане празен. На пример: „Сите ____ сакаат шпагети“ или „Сите ____ пијат чај“. Побарајте од учениците да дадат идеи и да ги пополнат празните места со разни групи. Што забележуваат? Што се случува кога сопствената група на ученикот ќе се стави во празните места: Дали тоа им изгледа реално? Што ако овие тврдења биле негативни генерализирања? Дали тоа би изгледало различно? Објаснете им на учениците или потсетете ги што е стереотип. Поврзете ја оваа активност со стереотипот за Евреите што беше искажан претходно на часот и водете дискусија со учениците за опасностите од стереотипите.

Помогнете им на учениците да станат свесни за емоциите што ги доживуваат кога се разговара за разни стереотипи. Лутината може да се се поврзе со чувството за напад, а стравот може да се одрази во желбата да се побегне. Стереотипите често се поврзани со тоа како се доживуваат моќта или безбедноста. Ако на овие идеи некогаш им пристапиме од емотивен аспект, тоа може да помогне појасно да се согледаат основните концепти што се искажуваат во стереотипната слика на ученикот.

Справувањето со стереотипите е техника преку која се прикажуваат поинакви слики, проширувајќи ги нашите сознанија за карактеристиките на одредена група луѓе. Што се однесува до физичките карактеристики на Евреите, побарајте од учениците да изготват листа на фотографии со десет познати Евреи од историјата до денес, прикажувајќи широк спектар на сектори во општеството (на пример: наука, спорт, политика, уметност, бизнис и филантропија) и разни земји ширум светот.

Дали знаете дека луѓето со друга боја на кожа претставуваат околу една петтина од вкупниот број Евреи денес?

За рап видео за различноста кај Евреите, види: Y-Love “This is Unity”: <https://www.youtube.com/watch?v=uvRy8bGSpDU&list=PLvIhxOY_PTr2QjL2dwP8_hgPlg_R2mXQm>

**...некој даде пример со кој се чини дека се потврдува вистинитоста на стереотипот, на пример: „Евреите имаат голем нос, видете го [...], тој е Евреин и има голем нос”?**

Ова конкретно тврдење се однесува на стариот расен стереотип, т.е. дека Евреите имаат голем орловски нос. Објаснете дека некои Евреи, исто како и други луѓе кои не се Евреи, може да имаат голем нос, но дека тоа е генерализирање. Евреите живеат низ целиот свет и со векови стапувале во мешани бракови со локалното население, што доведува до фактот дека не постои карактеристичен еврејски „изглед“ (Евреите не се раса). Има Евреи со црвена коса и Евреи со бела кожа, потоа Евреи со потемна кожа и со темна боја на косата и нешто помеѓу. Стереотипот за „еврејски нос“ е една моќен визуелен приказ што ги поврзува средновековната христијанска уметност, нацистичката пропаганда и денешните антисемитски карикатури[9], со цел да ги прикаже Евреите како закана, како предмет на презир, како лоши или социјално оддалечени луѓе.

Поставете им на учениците прашања со кои ќе ги предизвикате нивните претпоставки и поттикнете го развојот на нивното критичко размислување. Пример за прашања: Од каде потекнува оваа идеја? Дали се базира на твоето лично искуство или повторуваш нешто што имаш слушнато? Дали го знаеш изворот на информацијата што ја повторуваш? Може ли да ни дадеш докази за тоа што го тврдиш? Дали би сакал да го истражиш тоа твое мислење? Дали би го сменил мислењето по едно такво истражување?

**...некој извор или наставен материјал содржи антисемитски стереотип?**

Важно е да се разбере дека многу познати личности во историјата, како верски лидери, политичари, филозофи, писатели и уметници, имале антисемитски ставови. Како резултат на тоа, истите тие ставови е можно да дојдат и до учениците кога се изучуваат историски извори, литература и други материјали. На пример, познатиот филозоф Волтер од времето на просветителството е познат по своите антисемитски текстови, како и британскиот поет Т.С. Елиот и главниот протестантски

[9] Sara Lipton, ”The Invention of the Jewish Nose”, *The New York Review of Books*, 14 November 2014, <https://www.nybooks.com/daily/2014/11/14/invention-jewish-nose/>.

реформатор Мартин Лутер.[10] Политички личности, како што е Френклин Рузвелт, исто така, биле доведувани во врска со антисемитски идеи.

Постојат многу можности преку кои можеме да се справиме со скриената или контроверзна историја која веќе постои во наставната програма. Добро е да видиме кои се писателите, политичарите, популарните херои и оние локални или национални приказни што ги прикажуваат Евреите и нивните заедници во позитивна светлина и нивната работа да ја претставиме на часот.

Препознавањето и предизвикувањето на стереотипите во однос на Евреите присутни во одредени извори или наставни материјали претставуваат важна можност за учење во врска со историскиот контекст и како да направиме поврзување со контроверзни текстови и материјали. Овие текстови, исто така, може да содржат стереотипи за жени, лица со посебни

За пример за тоа како држиме настава за одредени литературни дела што содржат стереотипи, види во водичот на Лигата против клевета кој се однесува на „Венецијанскиот трговец“ од Шекспир: <https://www.adl.org/news/article/anti-semitism-and-the-merchant-of-venice>.

## Стереотипи во изворите: потсетник за анализа

- Кога бил напишан тој извор и кој е авторот? Какви биле општествениот контекст и перспективата на авторот во тоа време?
- Што пишува во тој извор? Дали е тоа литературно дело кое се однесува на конкретно место и време? Дали се работи за важен историски период со непријатни елементи од минатото на тоа општество?
- Дали имало одредена политичка или општествена агенда за таквото пишување? Дали тоа можеби влијаело на начинот на кој било напишано?
- Какви стереотипи се прикажани? Кое е нивното потекло? Зошто се користат стереотипи во овој извор? Можел ли авторот да постапи и на поинаков начин?
- Што го прави тој извор вреден за да го користиме и денес? Што можеме да научиме од него?

[10] Антисемитизмот во делата на овие истакнати и влијателни личности на западната мисла е добро документиран. Види како пример: Arthur Hertzberg, *The French Enlightenment and the Jews* (New York: Columbia University Press, 1968); Anthony Julius, *T.S. Eliot, Anti-Semitism and Literary Form* (Cambridge: Cambridge University Press, 1995); “Martin Luther”, Florida Holocaust Museum, <https://web.archive.org/web/20080522013514/http://www.flholocaustmuseum.org/history_wing/antisemitism/reformation.cfm>.

[11] Eleanor Roosevelt and the Jews [Элеонора Рузвельт и евреи] by Warren Boroson, Jewish Standard, New Jersey, United States of America, 26 July 2013, <https://jewishstandard.timesofisrael.com/eleanor-roosevelt-and-the-jews/>.

## Активност

Направете „само-поврзување“:
- За време на часот по историја или одредена комеморација, кога зборувате за „нас“ (нашиот град, нашата држава итн.), вклучете ги и Евреите и другите малцинства како нормален дел од групата;
- На собирите, обидете се да вклучите Евреи и припадници на други малцински групи по тој повод, како и во сликите што се користат за промовирање на настанот и;
- Кога се гледате себеси во улога на родител, наставник, маж или жена, верник или атеист, гледајте на себеси како на некој кој ја споделува таа карактеристика со припадниците на други заедници.

Поради тоа што луѓето најчесто имаат позитивно мислење за самите себе и оние кои припаѓаат на нивната група често ги поврзуваат со самите себе, тие за припадниците од таа група имаат позитивна претстава. Истражувањата покажале дека стратегијата наречена „поврзување“ може да ја намали веројатноста од активирање на таквите автоматски предрасуди. Оваа стратегија бара од нас да го редефинираме концептот „ние“ со цел оние лица кои обично се надвор од нашата група, да станат дел од неа. Исто така е покажано дека кога група луѓе со различно расно потекло работи заедно во рамките на еден заеднички идентитет, помалку е веројатно тие да користат стереотипи кон групите од друга раса.

Извори: Anna Woodcock, and Margo J. Monteith, “Forging links with the self to combat implicit bias”, *Group Processes and Intergroup Relations*, Vol. 16, Issue 4, 8 November 2012, p. 445-461; Gaertner, S.L, and Dovidio, J.F. (2000). Aversive Racism and Selection Decisions. *Psychological Science 2(4)*, p. 315-319.

потреби, лица со поинаква боја на кожата и други. Тоа е можност за учениците да го вежбаат своето критичко размислување, да ги идентификуваат своите вредности и да имаат поголема самодоверба кога треба да отфрлат одредени идеи.

Наставниците, исто така, можат да ги охрабрат учениците да ја прифатат својата заедничка одговорност во идентификувањето и деконструирањето на стереотипите. Во рамките на процесот на идентификување, истражување и разбивање на одреден штетен стереотип и тоа во средината во која учат, учениците ќе можат да ја препознаат и својата лична пристрасност за која можеби и не биле свесни или дека ја има и во нивното општество, а која можеби имала негативно влијание кон Евреите и другите околу нив, како што се нивните врсници. Заедничката одговорност кај учениците создава атмосфера на поддршка во училницата и поттикнува тимска работа, пред сè, помеѓу учениците кои претходно имале предрасуди еден за друг.

# Ресурси и дополнителни материјали

**Поважни публикации:**

*Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018),
<https://www.osce.org/odihr/383089?download=true>.

- за информации и активности со кои се поттикнува сопствената рефлексија кај едукаторите и учениците, види стр. 32;
- за примери за вежби со кои се предизвикуваат и спречуваат антисемитските стереотипи, види страна 41 и 42;
- за информации за едуцирање на децата во врска со стереотипните слики, види стр. 43; и
- за информации што ќе помогнат во препознавањето на антисемитските стереотипи, види Анекс 2 („Примери за антисемитски изрази со преносно значење и културолошки идеи") и Анекс 3 („Примери за антисемитски симболи").

Водич за наставници за спречување на насилниот екстремизам (Paris: UNESCO, 2016),
<https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000244676>.

**За повеќе информации за митови и фактите во врска со антисемитизмот, види:**

Anti-Defamation League, "CAS Myths and Facts",
<https://www.adl.org/sites/default/files/documents/assets/pdf/education-outreach/CAS-Myths-and-Facts.pdf>;

Anti-Defamation League, *Using Facts to Respond to Anti-Semitism*, 2006,
<https://www.adl.org/media/5137/download>; и

European Network Against Racism, "Debunking Myths about Jews", October 2015,
<https://www.enar-eu.org/IMG/pdf/debunkingmyths_lr.pdf>.

**За повеќе информации за имплицитната пристрасност, види:**

Implicit Bias Project (заедно со тестови за мерење на имплицитната пристрасност кај поединците кон различни групи),
<https://implicit.harvard.edu/implicit/>; и
<https://www.projectimplicit.net/index.html>.

**За идеи за настава во врска со стереотипите, види:**

Teaching Tolerance, "Teaching About Stereotypes",
<https://www.tolerance.org/magazine/teaching-about-stereotypes-20>;

"Learning Plans",
<https://www.tolerance.org/classroom-resources/learning-plans?keyword=stereotypes>;

Anti-Defamation League, "Lemons - An Activity on Generalization and Stereotypes for Elementary School Children",
<www.adl.org/assets/pdf/education-outreach/Lemons-from-Empowering-Children.pdf>;

Discovery Education, "Understanding Stereotypes",
<http://www.discoveryeducation.com/teachers/free-lesson-plans/understanding-stereotypes.cfm>; и

Education World, "'Bursting' Stereotypes",
<http://www.educationworld.com/a_lesson/03/lp294-01.shtml>.

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR